Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 70 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 26.5.2016 година, се обрати со писмен допис до Агенцијата за електронски комуникации за да побара информација дали на ова локално подрачје има слободни фреквенции (допис бр.03-2979/1). Агенцијата за електронски комуникации, на 8.6.2016 година со (допис бр.03-2979/2), одговори дека „врз основа на извршена првична анализа од страна на Секторот за радиокомуникации, утврдено е дека постои можност за доделување на фреквенција за емитување на локална радио програма на територијата на град Куманово“, по што достави допис бр.0805-2136/4 од 2.9.2016 година (наш бр.03-2979/4 од 5.9.2016 година), со податоци за радиофреквенција, преку која ќе се емитува радио програмата на територијата на град Куманово, и тоа: 97.6 MHz.

Во членот 70 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, предвидено е дека „Доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, се утврди дека има слободни радиофреквенции, Агенцијата ќе изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување на јавен конкурс, а особено од аспект на исполнувањето на целта на овој закон, како и од аспект на потребите на публиката. За да ги утврди потребите на публиката за телевизиско или радио емитување во соодветната сервисна зона, како и за видот, односно форматот на програмските сервиси за кои треба да се објави конкурсот, Агенцијата може да спроведе јавно истражување“.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку Секторот за стратешко планирање и авторски права, на ден 25.8.2016 година изработи „Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на град Куманово“, заверена со наш бр.03-4158/1 од 25.8.2016 година, која е објавена на веб страницата на Агенцијата на 26.8.2016 година. Целта на Студијата беше да се утврди оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на подрачјето на општина Куманово, и тоа од аспект на целите утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и од аспект на потребите на публиката. Во предметната Студија е направена анализа на постојната програмска понуда на радиостаниците на подрачјето на Куманово, како и анализа на пазарниот потенцијал и тоа на потенцијалната публика (вкупен број и демографски карактеристики на публиката), потенцијалните огласувачи, економските перформанси на постоечките радиостаници и анализа на податоците за нивната слушаност во претходната година.

Сублимирани, наодите од оваа Студија покажуваат дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на подрачјето на Куманово, и тоа за програмски сервис говорно - музичко радио со претежно информативен општ формат, на албански јазик, што детално може да се утврди од текстот на Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на град Куманово, додека пак при утврдување на критериумите за оценување на пријавите за учество на Јавниот конкурс, од посебна важност да се има предвид насоката од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност, за периодот од 2013 до 2017 година, каде е наведено дека треба „...„да продолжи практиката при оценувањето на пријавите за доделување дозволи за линеарни сервиси на регионално и локално ниво повисоко да се бодуваат пријавите кои предвидуваат информации за локални и за регионални теми и настани“, на што упатува и членот 74 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Следствено на напред наведеното, а поради тоа што со Студијата бр.03-4158/1 од 25.8.2016 година, се утврди дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на подрачјето на општина Куманово, за програмски сервис говорно - музичко радио со претежно информативен општ формат, на албански јазик, а постои заинтересираност за инвестирање во локална радиостаница, врз основа на член 18 став 1 алинеја 1 и член 20 став 1 алинеја 10, а во врска со член 69 ставови 1 и 4, член 70 ставови 1, 6, 9, 10, 11 и 12, член 71, член 74, член 79, член 80 и член 81 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), член 15 став 1 алинеја 1, член 39 став 1 алинеја 10 и член 51 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.8.2014 година и Заклучокот бр.02-4303/2 од 7.9.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 31-та седница, одржана на 7.9.2016 година, донесе Одлука како во диспозитивот, која ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”, на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, која влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

УП 1 Бр.08-453
7 септември 2016 година
Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот,
**Лазо Петрушевски,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3903.**

Врз основа на член 79 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И КОНТРОЛИРАЊЕ НА ПОВРШИНИТЕ ЗА МАНЕВРИРАЊЕ, ПЛАТФОРМИТЕ, ОБЈЕКТИТЕ, ИНСТАЛАЦИИТЕ, УРЕДИТЕ И ОПРЕМАТА НА АЕРОДРОМОТ

Член 1

Во Правилникот за начинот на користење, одржување и контролирање на површините за маневрирање, платформите, објектите, инсталациите, уредите и опремата на аеродромот („Службен весник на Република Македонија” бр.191/15) по членот 12, се додава нов член 12-а кој гласи:

„Член 12-а

Операторот на аеродромот - воздухопловно пристаниште треба да обезбеди оперативни услуги, опрема и инсталации согласно стандардите и препорачаните практики на ICAO, Annex 14, Том I последно издание, Глава 9 - Оперативни услуги, опрема и инсталации на аеродроми (Aerodrome operational services, equipment and installations).".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-1188/3 Агенција за цивилно
6 септември 2016 година воздухопловство
Скопје Директор,
**Горан Јандреоски**, с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3904.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 16 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 06/16 и 53/16) и член 28 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ" бр. 143/11, 78/13 и 33/15), постапувајќи по Барањето за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија УП1 бр.12-47/16 од 27.6.2016 година на Друштвото за трговија со електрична енергија У ПОВЕР ДОО експорт - импорт Скопје, на седницата одржана на 6.9.2016 година донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштво за трговија со електрична енергија У ПОВЕР ДОО експорт - импорт Скопје со седиште на адреса Прашка бр.1 – Зграда 1/ Деловен 1 Скопје - Карпош, се издава лиценца за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата во вршењето на енергетската дејност трговија со електрична енергија се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија", кој што е составен дел на оваа Одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

УП1 Бр. 12-47/16
6 септември 2016 година Претседател,
Скопје **Димитар Петров**, с.р.

**Прилог 1**

## ЛИЦЕНЦА
## ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**

Друштво за трговија со електрична енергија У ПОВЕР ДОО експорт - импорт Скопје со седиште на адреса Прашка бр.1 – Зграда 1/ Деловен 1 Скопје – Карпош

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**

Трговија со електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата:**

6.9.2016 година

**4. Датум до кога важи лиценцата:**

6.9.2026 година

**5. Евидентен број на издадената лиценца:**

ЕЕ – 276.10.1/16

**6. Број на деловниот субјект - 7130201**

**7. Единствен даночен број - 4057016533129**

**8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**

Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија.

Како трговија со електрична енергија, во смисла на оваа лиценца се смета купување на електрична енергија од земјата и од странство, заради продажба на други трговци, снабдувачи, операторот на електропреносниот и операторите на дистрибутивните системи како и продажба на купувачи во странство согласно член 81 од Законот за енергетика. Трговецот во својство на снабдувач може да продава електрична енергија и на потрошувачи кои ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на електрична енергија, утврдени во пазарните правила.

Трговецот со електрична енергија, во случаите кога врши прекугранични трансакции на електрична енергија која се обврзал да ја испорача на своите купувачи е должен да обезбеди доволен прекуграничен преносен и/или дистрибутивен капацитет и регулирани услуги во согласност со пазарните правила, мрежните правила за пренос на електрична енергија и мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија како и Правилата за доделување на прекуграничните преносни капацитети.

**9. Опис на условите и начинот на вршење на дејноста**

Енергетската дејност трговија со електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши преку склучување на соодветни договори за купување и продажба на електрична енергија и договори за закупување на преносен и/или дистрибутивен капацитет.

**10. Подрачје на кое ќе се врши дејноста**

Енергетската дејност трговија со електрична енергија, носителот на лиценцата може да ја врши на целата територија на Република Македонија и странство.